*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.11-1**

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор за предлог-одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

**Битола, 2023 година**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни. Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола моментално работи во состав од 6 (шест) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Велјановски, Гордана Гацева и Гордана Темелковска - Костовска. Независни членови на Надзорниот одбор се Миле Зечевиќ и Гордана Гацева.

На независниот член и претседател на Надзорниот одбор, м-р Миле Зечевиќ му истекува мандатот на 16.7.2023 година. Исто така на 16.7.2023 година, му истекува мандатот и на членот на Надзорниот одбор, г. Иванчо Велјановски.

На ден 1.3.2023 година, членот на Надзорниот одбор, г-ѓа м-р Александра Радевска поднесе изјава за оставка од функцијата член на Надзорниот одбор заради прифаќање на нејзиното номинирање за член на Управниот одбор на Банката која ќе стапи во сила  на денот на добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за нејзино именување за член на Управен одбор на Банката.

Воедно, имајќи ги предвид последните измени на Статутот на Банката кои се однесуваат на намалување на бројот на членови на Надзорниот одбор од 7 (седум) на 5 (пет) члена а со цел персонално комплетирање на составот на Надзорниот одбор на Банката и негово непречено функционирање, се предлага Собранието да изврши избор и именување на двајца членови на Надзорниот одбор, од кои еден независен член.

Во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, за точките за кои нема предложени одлуки за донесување, потребно е овластен орган (Надзорниот одбор на Банката) да даде мислење по секоја од точките од предложениот дневен ред на седницата на Собранието, кој ќе биде објавен на интернет-страницата на Банката.

Номинирањето на кандидати за членови на Надзорен одбор го вршат акционерите на Банката кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со доставување предлог за кандидати за членови на Надзорниот одбор, односно кандитат за независен член на Надзорниот одбор, кој содржи податоци за возраста, образованието, за другите професионални квалификации, за работното искуство, податоци за тоа во кои друштва биле или се членови на органи на управување или надзорен одбор и за други поважни функции кои ги извршувале. Податоците за предложените кандидати треба да бидат достапни за сите акционери најдоцна седум (7) дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Предложените кандидати треба да бидат лица што имаат познавања и искуство од областа на банкарството и/или финансиите и познавање на финансиската индустрија и опкружувањето во кое дејствува Банката, со што ќе придонесат за стабилно, сигурно и ефикасно управување и надзор на Банката.

Воедно, предложените кандидати треба да ги исполнуваат условите за нивно именување за членови на Надзорниот одбор во банка, односно условите за именување на независен член на Надзорниот одбор во банка утврдени во Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Службен весник

на Република Македонија“, бр. 24/2018), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 113/19) и Статутот на Банката.

Поради сето погоренаведено се јавува потреба Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола да донесе одлука за именување двајца членови Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола од кои еден независен.

НО бр.02-4603/1/II.2-8-1
Битола, 27.3.2023 година

Стопанска банка а.д. Битола

Надзорен одбор
Претседател
м-р Миле Зечевиќ